ЈП стрежево
Битола

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА



БИТОЛА, ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

Ул. „Бул. 1 ви Мај“ бр. 77,  7000 Битола тел. 047 207 816, факс 047 207 836

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР. 05-74/1
12.01 2021 ГОД.
БИТОЛА

**Изработил:** ***Раководител на сектор за финансиско работење***
***Ангелевски Љупчо***
***дипл. економист***

**Одобрил:** ***Директор***
***Методија Граматковски д.е.и.***

## С О Д Р Ж И Н А


- Основни податоци за ЈП „Стрежево“ – Битола стр.1
- Организациона поставеност стр.2
- Финансиски план за водостопанска дејност стр.3
- Финансиски план за дејноста производство на електрична енергија стр.15
- Финан.план за дејноста производство на риби - аквакултура и продажба стр.19
- Финансиски план за работењето со спортските објекти стр.25
- Рекапитулација на вкупното финансиско работење стр.31

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола е конституирано како правен субјект во 1978 година со цел долгорочно решавање на проблемот со недостиг од вода во градот Битола и пошироокиот регион. Со изградбата на Собирниот канал, акумулацијата со Браната „Стрежево“ и придружните објекти чиј капацитет е акумулирање на над 120.000.000 $м^3$ вода, Главниот доводен канал, Деталната цевководна мрежа и останатите хидротехнички објекти и инфраструктура потребни за нормално функционирање на Хидросистемот „Стрежево“, се створија услови за решавање на проблемот од недостиг на вода во градот Битола и пошироко во Битолскиот регион. Од 13.11.2001 година како правен субјект за вршење на дејности од јавен интерес, со одлука на Владата на Република Македонија број 23-6635/02, претпријатието се трансформира во Јавно претпријатие „Стрежево“ - Битола.

Од надлежностите кои произлегуваат од вршењето на водостопанската дејност на ЈП „Стрежево“ за економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системот, произлегуваат и целите и задачите на јавното претпријатие:

- Зафаќање и доведување на водите до акумулацијата;
- Снабдување со вода за наводнување и останати технолошки потреби на ЗК „Пелагонија“ и останати земјоделско - сточарски корисници;
- Снабдување со сурова вода на јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола за водоснбдување на населението„Водовод“, за понатамошно задоволување на потребите на населението и индустријата од вода за пиење и технолошка вода;
- Снабдување со сурова непреработена вода за индустриски и технолошки потреби на РЕК „Битола“, и останати дирекни индустриски корисници.

Развојната политика на претпријатието за максимално искористување на водите, како и ресурсите со кои располага претпријатието, се движеше во насока на искористување и на хидропотенцијалот на водите за производство на електрична енергија, при што се изградени пет хидроцентрали со вкупна инсталирана снага од 3,71 MW и проектирано годишно производство од 11.220.000 kWh електрична енергија.

Друга дејност која се врши во рамките на ЈП „Стрежево“ е аквакултура, односно одгледување и продажба на виножитна пастрмка, како и продажба на други видови на риба, конзервирана риба и производи од риба.

ЈП „Стрежево“ стопанисува и со објекти за спорт и рекреација, ски лифтови, чајџилница, базен и останати спортски објекти.

Управувањето на претпријатието го врши Управен одбор составен од девет членови, Претседател кој добива 12.000 денари месечен паушал, и осум членови кои добиваат по 10.000 денари месечен паушал. Надзорниот одбор е составен од пет членови, Претседател кој добива 12.000 денари месечен паушал и четири членови кои добиваат по 10.000 денари месечен паушал. Именувани се од Владата на Република Северна Македонија.

Со јавното претпријатие раководи Директор на јавното претпријатие, назначен од Управниот одбор.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

За што поефикасно и порационално стопанисување со ресурсите, работењето во ЈП „Стрежево“ – Битола, организационо е поставено:

I. Менаџмент;
II. Даватели на услуги со помошно - технички персонал: 1.Сектор за зафаќање, акумулирање, заштита и мониторинг на води; 2.Сектор за управување и регулација на хидросистемот; 3.Сектор за детална цевководна мрежа; 4.Сектор за производство и продажба на електрична енергија, електроника и автоматика; 5.Сектор за машинство и експлоатација на возила; 6.Сектор за експлоатација и контрола на системот;
III. Администрација: 1.Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси; 2.Сектор за финансиско работење; 3.Сектор за комецијално работење.

Работните задачи и активности од 01.01. 2021 година се започнува да се извршуваат со 225 вработени на неопределено време. Образовната структура на вработените во ЈП „Стрежево“ е дадена во табеларниот приказ:

| НКВ | ВКВ | ССО | ВШО | ВСО | М-ри | Д-ри | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | 4 | 126 | 7 | 53 | 13 | 1 | 225 |

Во 2021 година согласно законските одредби за одење во пензија се планира да се пензионираат 14 вработени. Треба да се напомени и дека во периодот од април 2018 година заклучно со декември 2020 година, по основ на пензионирање, смрт, иселување и друго, бројот на вработени се намали за 15 извршители. Имајќи го во предвид тоа и согласно утврдените потреби за нови вработувања, во 2021 година планирано е да се изврши вработување на 20 извршители (даватели на услуги), по динамика и позиции согласно потребите на јавното претпријатие.

Вкупните приходи на ЈП „Стрежево“ - Битола **за сите дејности** во 2021 година е планирано да се зголемат во однос на 2020 година за 9,12 индексни поени и би изнесувале 239.957.026 денари, а вкупните расходи е планирано да се зголемат за само 0,91 индексни поени и изнесуваат 462,597,288 денари. Деловниот резултат е негативен и изнесува -222.640.262 денари. Вкупните расходи без амортизација изнесуваат 193.462.523 денари. Деловниот резултат без амортизација е **позитивен** и изнесува **46.494.503** денари, ***подетално прикажано на страна 31 и 32 од финансискиот план.***

Како основа за Финансискиот план на ЈП „Стрежево“ се земени и очекуваните макроекономски движења во 2021 година, ниска стапка на инфлација и одржување на стабилен курс на денарот во однос на еврото, едни од претпоставките за остварување на финансиските резултати во планот за 2021 година.

Мора да се нагласи дека економските предвидувања за 2021 година претставуваат особен предизвик поради пандемијата со КОВИД-19 и мерките што се преземаат за сузбивање на истата кај нас и во светот.

* **Забелешка:** ***Податоците за оствареното во 2020 год. се со состојба на 30.09.2020 и предвидени за периодот до 31.12.2020 година.***

## ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ

Во акумулацијата „Стрежево“ заклучно со 30.11.2020 година, акумулирани се 44.879.000 м3 вода (кота 714,93 мнв). Со внимателно управување со водите и акумулирање на дополнителни количини вода во наредниот период, ќе можат да се задоволат потребите од вода на сите водокорисници во наредната сезона. Глобалните климатски промени во последните години доведоа до зголемена потрошувачка на вода со што само се потврдува огромното значење и неопходноста од акумулацијата „Стрежево“ за развој на регионот.

Со економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системот, се очекува да се обезбеди целосно задоволување на потребите за:

- снабдување со вода за наводнување на индивидуалните корисници и на правните лица;
- снабдување со сурова вода на „Водовод“ - Битола за водоснабдување на населението, претпријатијата, установите и други субјекти со вода за пиење, како и за технолошки и други потреби.
- снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби на РЕК „Битола“ - Битола, Ф-ка за квасец, Млекара АД Битола и останатите индустриски капацитети.

Во 2021 година вкупните површини под системот за наводнување изнесуваат 18.882 ха, и тоа 9.996 ха во посед на правни лица (ЗК „Пелагонија“, „Лозар - Пелистерка“ АД Скопје, Земјоделски Училишен Центар „Борис Кидрич“ - Битола, Казнено Поправна Установа - Битола, Комуналец - Битола и други), Општина Битола и 8.886 ха во посед на индивидуални земјоделци. Од овие површини планирано е да се наводнуваат вкупно 6.701 ха од кои 4.401 ха во посед на правни лица и 2.300 ха во посед на индивидуални земјоделци. Според прифатените нето норми по култури, за наводнување на планираните површини потребни се 25.549.757 м$^3$ вода.

За водоснабдување на Битола преку ЈКП „Водовод“ - Битола планирано е да се обезбедат и да се испорачаат 4.700.000 м$^3$ вода, од кои 3.196.000 м$^3$ за потребите на домаќинствата и установите, и 1.504.000 м$^3$ за потребите на претпријатијата (индустриските капацитети).

За снабдување на РЕК „Битола“ со потребните количини на вода, во планот е предвидено да се обезбедат 12.000.000 м$^3$ вода, додека за потребите на другите директни индустриски корисници, како Ф-ка за квасец потребни се 190.000 м$^3$, ИМБ АД „Млекара“ 200.000 м$^3$ и други помали корисници 190.000 м$^3$ вода, или вкупно за оваа намена потребно е да се обезбедат 12.580.000 м$^3$ вода. Поради престанокот со работа на „Фабриката за шеќер“, во планот за овај индустриски капацитет не е предвидено да се обезбеди вода.

Загубите на вода како резултат на загуби од главен доводен канал и деталната цевководна мрежа, предвидено е да изнесуваат околу 1.500.000 м$^3$, а загубите како резултат на испарувањата на вода од акумулацијата 1.000.000 м$^3$, или вкупните објективни загуби предвидени се на 2.500.000 м$^3$ вода.

Вкупните количини вода кои треба да се обезбедат за непречено снабдување со вода на сите водокорисници изнесуваат 45.329.757 $м^3$ вода.

Со испораката на планираните количини на вода и од други приходи предвидено е во 2021 година да се оствари вкупен приход од водостопанска дејност 194.173.726 денари, а вкупните трошоци и расходи се проектирани да изнесуваат 430.349.646 денари или без амортизација изнесуваат 166.716.304 денари.

Планираните финансиски резултати за 2021 година и движењето на финансиските показатели во однос на 2020 година подетално се прикажани во наредните табели, како и планираната сеидбена структура за 2021 година и ценовниците по култури за извршени услуги во водостопанската дејност за индивидуалните земјоделци и правните лица, кои ќе се применуваат во 2021 година.

## ГОДИШЕН ПЛАН
## ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ВОДИТЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ ВО 2021 ГОДИНА
## ПО КОРИСНИЦИ И ПО КОЛИЧИНИ

### 1. Количина на вода

За 2021 година се планира за наводнување на земјоделските култури, водоснабдување на населението, установите, претпријатија, РЕК „Битола“ и останати индустриски корисници, да се обезбедат **45.329.757 м$^3$** вода.
Планираната количина на вода се распоредува по корисници, и тоа за:

### 1.1. Наводнување

**1.1.1. Планирана бруто површина под систем за наводнување во ха:**

| | | |
|---|---|---|
| - Правни лица | 9.996 | ха |
| - Индивидуални корисници | 8.886 | ха |
| **Вкупно** | **18.882** | **ха** |

**1.1.2. Планирани површини под култури кои ќе се наводнуваат во ха:**

| | | |
|---|---|---|
| - Правни лица | 4.401 | ха |
| - Индивидуални корисници | 2.300 | ха |
| **Вкупно** | **6.701** | **ха** |

**1.1.3. Планирани количини на вода за површини кои ќе се наводнуваат (без губитици):**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Правни лица | 4.401 ха х | 3.707 м$^3$/ха | 16.313.001 | м$^3$ |
| - Индивидуални корисници | 2.300 ха х | 4.016 м$^3$/ха | 9.236.756 | м$^3$ |
| **Вкупно** | 6.701 ха х | 3.813 м$^3$/ха | **25.549.757** | **м$^3$** |

### 1.2. Водоснабдување

**1.2.1. Планирани количини на вода за водоснабдување на ЈКП „Водовод“ - Битола:**

| | | |
|---|---|---|
| - Домаќинства и установи | 3.196.000 | м$^3$ |
| - Претпријатија | 1.504.000 | м$^3$ |
| **Вкупно** | **4.700.000** | **м$^3$** |

**1.2.2. Водоснабдување на РЕК „Битола“ и останати индустриски и други корисници:**

| | | |
|---|---|---|
| а) РЕК „БИТОЛА“ | 12.000.000 | м$^3$ |
| б) Останти индустриски корисници | 580.000 | м$^3$ |
| - Ф-ка за шеќер | 0 | м$^3$ |
| - Ф-ка за квасец | 190.000 | м$^3$ |
| - ИМБ АД „Млекара“ - Битола | 200.000 | м$^3$ |
| - Други корисници | 190.000 | м$^3$ |
| **Вкупно (а + б)** | **12.580.000** | **м$^3$** |
| **Вкупно 1.2.1. + 1.2.2.** | **17.280.000** | **м$^3$** |

### 1.3. Загуби на вода

| | | |
|---|---|---|
| - Загуби на вода од главен доводен канал и мрежа | 1.500.000 | м$^3$ |
| - Испарување од акумулација | 1.000.000 | м$^3$ |
| **Вкупно** | **2.500.000** | **м$^3$** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно бруто вода (1.1 + 1.2 + 1.3)** | **45.329.757** | **м$^3$** |

## БИЛАНС НА ВОДИ ИСПОРАЧАНИ - ПРЕСМЕТАНИ ВО 2020 И ПЛАНИРАНИ ВО 2021 ГОДИНА

| Корисници | Планирана количина на вода во 2021 година | Количина на вода испорачана - пресметана во 2020 година | Индекс 2021/2020 год. | Процентуално учество на корисниците во 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | во $m^3$ | во $m^3$ | | |
| 1. Наводнување | **25.549.757** | **19.831.876** | **128,83** | **59,65%** |
| 1.1. Правни лица | 16.313.001 | 11.149.128 | 146,32 | 38,09% |
| 1.2. Индивидуални корисници | 9.236.756 | 8.682.749 | 106,38 | 21,57% |
| 2. Водоснабдување - Битола | **4.700.000** | **4.144.182** | **113,41** | **10,97%** |
| 3. РЕК „Битола“ | **12.000.000** | **12.000.000** | **100,00** | **28,02%** |
| 5. Ф-ка за шеќер | **0** | **0** | | **0,00%** |
| 6. Ф-ка за квасец и алкохол | **190.000** | **258.395** | **73,53** | **0,44%** |
| 4. Млекара - Битола | **200.000** | **212.578** | **94,08** | **0,47%** |
| 7. Други корисници | **190.000** | **191.441** | **99,25** | **0,44%** |
| **Вкупно испорачана** | **42.829.757** | **36.638.473** | **116,90** | **100,00%** |
| 8. Загуби на вода-гл.канал и мрежа | **1.500.000** | **1.500.000** | **100,00** | |
| 9. Испарување од акумулација | **1.000.000** | **1.000.000** | **100,00** | |
| **Вкупно потрошена** | **45.329.757** | **39.138.473** | **115,82** | |

**ПРЕГЛЕД**
**на планирани површини под култури кои ќе се наводнуваат во 2021 година**

| Култури | Површини под култури | | | | Потребна вода за наводнување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индивид. сектор ха | Правни лица ха | Вкупно ха | Нето норма $м^3$/ха | Индивид. сектор $м^3$ | Правни лица $м^3$ | Вкупно $м^3$ |
| | | | | | | | |
| **I култури** | **2.195** | **4.341** | **6.536** | | **8.897.501** | **16.101.021** | **24.998.522** |
| 1 Пченица | | | | 1.416 | | | |
| 2 Јачмен | | | | 1.416 | | | |
| 3 Пченка | 1.069 | 641 | 1.710 | 4.380 | 4.682.220 | 2.807.580 | 7.489.800 |
| 4 Соја | | | | 3.306 | | | |
| 5 Сончоглед | 10 | 1 | 11 | 3.033 | 30.330 | 3.033 | 33.363 |
| 6 Маслодајна репа | | | | 1.416 | | | |
| 7 Семен.шеќ.репа | | | | 1.416 | | | |
| 8 Шеќерна репа | 1 | 1 | 2 | 4.457 | 4.457 | 4.457 | 8.914 |
| 9 Тутун ситнолистен | 60 | | 60 | 2.046 | 122.760 | | 122.760 |
| 10 Тутун крупнолистен | | | | 2.923 | | | |
| 11 Домати индустриски | 68 | 2 | 70 | 4.394 | 298.792 | 8.788 | 307.580 |
| 12 Домати | 37 | | 37 | 4.394 | 162.578 | | 162.578 |
| 13 Пиперки индустриски | 79 | | 79 | 4.788 | 378.252 | | 378.252 |
| 14 Пиперки | 325 | 20 | 345 | 4.788 | 1.556.100 | 95.760 | 1.651.860 |
| 15 Грав, грашок | 15 | | 15 | 2.044 | 30.660 | | 30.660 |
| 16 Компири | 21 | | 21 | 2.674 | 56.154 | | 56.154 |
| 17 Зелка | 15 | | 15 | 2.611 | 39.165 | | 39.165 |
| 18 Кромид | | | | 3.218 | | | |
| 19 Бостан | 47 | | 47 | 3.240 | 152.280 | | 152.280 |
| 20 Наут | | | | 1.416 | | | |
| 21 Остан.град.култури | 122 | | 122 | 3.218 | 392.596 | | 392.596 |
| 22 Луцерка | 81 | 676 | 757 | 3.967 | 321.327 | 2.681.692 | 3.003.019 |
| 23 Ливади | 88 | 40 | 128 | 2.046 | 180.048 | 81.840 | 261.888 |
| 24 Овоштарници | 123 | 77 | 200 | 3.016 | 370.968 | 232.232 | 603.200 |
| 25 Лозја | 2 | | 2 | 2.879 | 5.758 | | 5.758 |
| 26 Хмељ | | | | 3.016 | | | |
| 27 Пченка силажа I култура | 32 | 2.883 | 2.915 | 3.533 | 113.056 | 10.185.639 | 10.298.695 |
| **II култури** | **105** | **60** | **165** | | **339.255** | **211.980** | **551.235** |
| 1 Пченка силажа II култура | 91 | 60 | 151 | 3.533 | 321.503 | 211.980 | 533.483 |
| 2 Зелка (зимска) | 14 | | 14 | 1.268 | 17.752 | | 17.752 |
| 3 Сточен грашок | | | | 1.644 | | | |
| 4 Корнишони | | | | 2.700 | | | |
| 5 Остан.град.култури | | | | | | | |
| **Вкупно I + II** | **2.300** | **4.401** | **6.701** | | **9.236.756** | **16.313.001** | **25.549.757** |
| | | | | | | | |
| **Просечна норма $м^3$/ха** | | | | | **4.016** | **3.707** | **3.813** |

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2021 ГОДИНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ПРАВНИ ЛИЦА И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$/ха | ден/ха | ден/$м^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,19159 | 5.219 | 5.639 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,19159 | 3.939 | 4.359 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,19159 | 3.614 | 4.034 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,19159 | 5.311 | 5.731 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,19159 | 3.483 | 3.903 |
| 11 Домати индустриски | 4394 | 419,83 | 1,19159 | 5.236 | 5.656 |
| 12 Домати | 4394 | 419,83 | 1,19159 | 5.236 | 5.656 |
| 13 Пиперки индустриски | 4788 | 419,83 | 1,19159 | 5.705 | 6.125 |
| 14 Пиперки | 4788 | 419,83 | 1,19159 | 5.705 | 6.125 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,19159 | 2.436 | 2.855 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,19159 | 3.186 | 3.606 |
| 17 Зелка | 2611 | 419,83 | 1,19159 | 3.111 | 3.531 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,19159 | 3.861 | 4.281 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,19159 | 1.687 | 2.107 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,19159 | 3.835 | 4.254 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,19159 | 4.727 | 5.147 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,19159 | 2.438 | 2.858 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,19159 | 3.431 | 3.850 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,19159 | 3.594 | 4.014 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,19159 | 4.210 | 4.630 |
| **II. Култури** | 0 | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 3533 | 419,83 | 1,19159 | 4.210 | 4.630 |
| 2 Зелка (зимска) | 1268 | 419,83 | 1,19159 | 1.511 | 1.931 |
| 3 Сточен грашок | 1644 | 419,83 | 1,19159 | 1.959 | 2.379 |
| 4 Корнишони | 2700 | 419,83 | 1,19159 | 3.217 | 3.637 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,19159 | | |
| **Корисници** | | | | | **Вк. цена** |
| | | | | | **ден/$м^3$** |
| **В. Водоснабдување** | | | | | |
| 1 „Водовод“ - Битола | | | | | 5,15331 |
| 2 РЕК „Битола“ | | | | | 10,02755 |
| 3 Ф-ка за шеќер | | | | | 10,02755 |
| 4 Ф-ка за квасец | | | | | 10,02755 |
| 5 Други корисници | | | | | 10,02755 |

## ЦЕНОВНИК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ УСЛУГИ ВО 2021 ГОДИНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ - ИНДИВИДУАЛЕН СЕКТОР И ОСТАНАТИ ВОДОКОРИСНИЦИ

| Култури | Нето норма | Обезбед. вода | Искористена вода | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | $m^3$/ха | ден/ха | ден/$m^3$ | ден/ха | ден/ха |
| **А. Наводнување** | | | | | |
| **I. Култури** | | | | | |
| 1 Пченица | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 2 Јачмен | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 3 Пченка | 4380 | 419,83 | 1,10437 | 4.837 | 5.257 |
| 4 Соја | 3306 | 419,83 | 1,10437 | 3.651 | 4.071 |
| 5 Сончоглед | 3033 | 419,83 | 1,10437 | 3.350 | 3.769 |
| 6 Маслодајна репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 7 Семен.шеќ.репа | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 8 Шеќерна репа | 4457 | 419,83 | 1,10437 | 4.922 | 5.342 |
| 9 Тутун ситнолистен | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 10 Тутун крупнолистен | 2923 | 419,83 | 1,10437 | 3.228 | 3.648 |
| 11 Домати индустриски | 4394 | 419,83 | 1,10437 | 4.853 | 5.272 |
| 12 Домати | 4394 | 419,83 | 1,10437 | 4.853 | 5.272 |
| 13 Пиперки индустриски | 4788 | 419,83 | 1,10437 | 5.288 | 5.708 |
| 14 Пиперки | 4788 | 419,83 | 1,10437 | 5.288 | 5.708 |
| 15 Грав, грашок | 2044 | 419,83 | 1,10437 | 2.257 | 2.677 |
| 16 Компири | 2674 | 419,83 | 1,10437 | 2.953 | 3.373 |
| 17 Зелка | 2611 | 419,83 | 1,10437 | 2.884 | 3.303 |
| 18 Кромид | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 19 Бостан | 3240 | 419,83 | 1,10437 | 3.578 | 3.998 |
| 20 Наут | 1416 | 419,83 | 1,10437 | 1.564 | 1.984 |
| 21 Остан.град.култури | 3218 | 419,83 | 1,10437 | 3.554 | 3.974 |
| 22 Луцерка | 3967 | 419,83 | 1,10437 | 4.381 | 4.801 |
| 23 Ливади | 2046 | 419,83 | 1,10437 | 2.260 | 2.679 |
| 24 Овоштарници | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 25 Лозја | 2879 | 419,83 | 1,10437 | 3.179 | 3.599 |
| 26 Хмељ | 3016 | 419,83 | 1,10437 | 3.331 | 3.751 |
| 27 Пченка силажа I култура | 3533 | 419,83 | 1,10437 | 3.902 | 4.322 |
| **II. Култури** | | | | | |
| 1 Пченка силажа II култура | 3.533 | 419,83 | 1,10437 | 3.902 | 4.322 |
| 2 Зелка (зимска) | 1.268 | 419,83 | 1,10437 | 1.400 | 1.820 |
| 3 Сточен грашок | 1.644 | 419,83 | 1,10437 | 1.816 | 2.235 |
| 4 Корнишони | 2.700 | 419,83 | 1,10437 | 2.982 | 3.402 |
| 5 Остан.град.култури | | 419,83 | 1,10437 | | |
| **Корисници** | | | | | **Вк. цена** |
| | | | | | **ден/$m^3$** |
| **В. Водоснабдување** | | | | | |
| 1 „Водовод“ - Битола | | | | | 5,15331 |
| 2 РЕК „Битола“ | | | | | 10,02755 |
| 3 Ф-ка за шеќер | | | | | 10,02755 |
| 4 Ф-ка за квасец | | | | | 10,02755 |
| 5 Други корисници | | | | | 10,02755 |

## РАСХОДИ ВО ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ОСТВАРЕНИ ВО 2020 И ПЛАНИРАНИ ЗА 2021 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | 2020 | Структура | План 2021 | Структура % | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 2.033.233 | 0,47 | 2.063.278 | 0,48 | 101,48 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | 435.808 | 0,10 | 441.584 | 0,10 | 101,33 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 4.526.173 | 1,06 | 4.617.232 | 1,07 | 102,01 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | 1.463.655 | 0,34 | 1.498.577 | 0,35 | 102,39 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за производство | 6.999.078 | 1,63 | 7.188.017 | 1,67 | 102,70 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за администрација | 21.781 | 0,01 | 22.077 | 0,01 | 101,36 |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство | 573.765 | 0,13 | 589.423 | 0,14 | 102,73 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за администрација | 500.556 | 0,12 | 481.218 | 0,11 | 96,14 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 20.079 | 0,00 | 20.480 | 0,00 | 102,00 |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.558.729 | 0,36 | 1.581.402 | 0,37 | 101,45 |
| 11 | 412 | Надв. услуги за израб. на добра и изврш. услуги | 8.543 | 0,00 | 8.549 | 0,00 | 100,08 |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.736.719 | 0,41 | 1.788.249 | 0,42 | 102,97 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 677.387 | 0,16 | 690.722 | 0,16 | 101,97 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 75.232 | 0,02 | 76.586 | 0,02 | 101,80 |
| 16 | 419 | Останати услуги | 636.401 | 0,15 | 646.202 | 0,15 | 101,54 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 89.323.277 | 20,86 | 89.376.871 | 20,77 | 100,06 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за администрација | 35.307.320 | 8,24 | 35.300.259 | 8,20 | 99,98 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 5.543.904 | 1,29 | 6.226.760 | 1,45 | 112,32 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 262.786.776 | 61,36 | 262.790.718 | 61,06 | 100,00 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | 842.136 | 0,20 | 842.624 | 0,20 | 100,06 |
| 23 | 439 | Останати долг. резер. за трош. и ризици | | | | | |
| 24 | 440 | Дневн. за службени патувања ноќевање и патни трошоци | 159.513 | 0,04 | 157.576 | 0,04 | 98,79 |
| 25 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 515.638 | 0,12 | 929.624 | 0,22 | 180,29 |
| 26 | 442 | Трош.за надоместок и други примања на чл. на УО и НО | 1.919.976 | 0,45 | 1.920.000 | 0,45 | 100,00 |
| 27 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 308.148 | 0,07 | 304.918 | 0,07 | 98,95 |
| 28 | 444 | Трошоци за репрезентација | 324.412 | 0,08 | 291.971 | 0,07 | 90,00 |
| 29 | 445 | Трошоци за осигурување | 2.809.068 | 0,66 | 2.921.431 | 0,68 | 104,00 |
| 30 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 218.146 | 0,05 | 221.758 | 0,05 | 101,66 |
| 31 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. | 440.797 | 0,10 | 461.895 | 0,11 | 104,79 |

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | 2020 | Структура | План 2021 | Структура % | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | 448 | Трошоци за користење на права | 57.570 | 0,01 | 16.850 | 0,00 | 29,27 |
| 33 | 449 | Останати трошоци на работењето | 2.935.541 | 0,69 | 3.419.471 | 0,79 | 116,49 |
| 34 | 451 | Вредн.усогласување на материјални средства | | | | | |
| 35 | 452 | Вредн. усоглас. на вложувања во недвижности | | | | | |
| 36 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 1.037.149 | 0,24 | 1.031.668 | 0,24 | 99,47 |
| 37 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | | |
| 38 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | | | | |
| 39 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побарувања | | | | | |
| 40 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 2.476.632 | 0,58 | 2.419.783 | 0,56 | 97,70 |
| 41 | 469 | Останати расходи од работењето | | | | | |
| 42 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | 2.030 | 0,00 | 1.873 | 0,00 | 92,24 |
| 43 | 475 | Негативни курсни разлики | | | | | |
| 44 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | | | |
| 45 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | | | |
| 46 | 703 | Набавна вредност на продадени матер. | | | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **428.275.172** | **100,00** | **430.349.646** | **100,00** | **100,48** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **164.646.260** | | **166.716.304** | | **101,26** |

## ПРИХОДИ ВО ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ОСТВАРЕНИ ВО 2020 И ПЛАНИРАНИ ЗА 2021 ГОДИНА

| Позиција | 2020 | Структура % | План 2021 | Структура % | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **А. Приходи од воден надомест** | **179.132.358** | | **187.933.571** | **96,79** | **104,91** |
| **1. Воден надомест - наводнување** | **30.803.111** | **16,62** | **37.566.435** | **19,35** | **121,96** |
| **а. Правни лица** | **17.485.527** | **9,43** | **23.635.030** | **12,17** | **135,17** |
| - Годишен надоместок: | 4.200.338 | | 4.196.621 | | 99,91 |
| - Надоместок за искористена вода: | 13.285.189 | | 19.438.409 | | 146,32 |
| **б. Индивидуален сектор** | **13.317.584** | **7,19** | **13.931.406** | **7,17** | **104,61** |
| - Годишен надоместок: | 3.728.617 | | 3.730.609 | | 100,05 |
| - Надоместок за искористена вода: | 9.588.967 | | 10.200.796 | | 106,38 |
| **2. Водоснабдување на Битола** | **21.356.256** | **11,52** | **24.220.557** | **12,47** | **113,41** |
| **3. РЕК „Битола“ - Битола** | **120.330.600** | **64,92** | **120.330.600** | **61,97** | **100,00** |
| **4. Ф-ка за шеќер - Битола** | | | | | |
| **5. Ф-ка за квасец - Битола** | **2.591.065** | **1,40** | **1.905.235** | **0,98** | **73,53** |
| **6. Млекара ИМБ - Битола** | **2.131.641** | **1,15** | **2.005.510** | **1,03** | **94,08** |
| **7. Други корисници** | **1.919.685** | **1,04** | **1.905.235** | **0,98** | **99,25** |
| **Б. Други приходи** | **6.214.443** | **3,35** | **6.240.154** | **3,21** | **100,41** |
| | | | | | |
| **II. Вкупен приход (А+Б)** | **185.346.801** | **100,00** | **194.173.726** | **100,00** | **104,76** |
| | | | | | |

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА И ПЛАНИРАН ЗА 2021 ГОДИНА
## - ВОДОСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ -

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | 2020 | План 2021 | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **А. Расходи од водостопанска дејност** | | | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 2.033.233 | 2.063.278 | 101,48 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | 435.808 | 441.584 | 101,33 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 4.526.173 | 4.617.232 | 102,01 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | 1.463.655 | 1.498.577 | 102,39 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 6.999.078 | 7.188.017 | 102,70 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | 21.781 | 22.077 | 101,36 |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 573.765 | 589.423 | 102,73 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | 500.556 | 481.218 | 96,14 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 20.079 | 20.480 | 102,00 |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.558.729 | 1.581.402 | 101,45 |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | 8.543 | 8.549 | 100,08 |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.736.719 | 1.788.249 | 102,97 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 677.387 | 690.722 | 101,97 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 75.232 | 76.586 | 101,80 |
| 16 | 419 | Останати услуги | 636.401 | 646.202 | 101,54 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 89.323.277 | 89.376.871 | 100,06 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | 35.307.320 | 35.300.259 | 99,98 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 5.543.904 | 6.226.760 | 112,32 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 262.786.776 | 262.790.718 | 100,00 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | 842.136 | 842.624 | 100,06 |
| 23 | 439 | Останати долг. резер. за трош. и ризици | | | |
| 24 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | 159.513 | 157.576 | 98,79 |
| 25 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 515.638 | 929.624 | 180,29 |
| 26 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | 1.919.976 | 1.920.000 | 100,00 |
| 27 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 308.148 | 304.918 | 98,95 |
| 28 | 444 | Трошоци за репрезентација | 324.412 | 291.971 | 90,00 |
| 29 | 445 | Трошоци за осигурување | 2.809.068 | 2.921.431 | 104,00 |
| 30 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 218.146 | 221.758 | 101,66 |
| 31 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | 440.797 | 461.895 | 104,79 |
| 32 | 448 | Трошоци за користење на права | 57.570 | 16.850 | 29,27 |
| 33 | 449 | Останати трошоци на работењето | 2.935.541 | 3.419.471 | 116,49 |
| 34 | 451 | Вредн.усогласување на материјални средства | | | |
| 35 | 452 | Вредн. усоглас. на вложувања во недвижности | | | |
| 36 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 1.037.149 | 1.031.668 | |
| 37 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 38 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | | |
| 39 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 40 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 2.476.632 | 2.419.783 | 97,70 |
| 41 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 42 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | 2.030 | 1.873 | 92,24 |
| 43 | 475 | Негативни курсни разлики | | | |
| 44 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | |
| 45 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 46 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **428.275.172** | **430.349.646** | **100,48** |
| | | **Ia. Вкупни расходи без амортизација:** | **164.646.260** | **166.716.304** | **101,26** |
| | | **Б. Приходи од водостопанска дејност** | | | |
| | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 179.560.784 | 188.353.429 | 104,90 |
| | 743 | Приходи од продажба на материјали | | | |
| | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | |

| Ред. Бр. | Конто | Позиција | 2020 | План 2021 | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 747 | Приходи од закуп | | | |
| | 749 | Останати приходи | 2.637 | 2.584 | 98,00 |
| | 764 | Вишоци | | | |
| | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 86.752 | 90.017 | 103,76 |
| | 767 | Приходи од отстапени објекти и опрема | 2.176.951 | 2.183.412 | 100,30 |
| | 769 | Останати приходи од работењето | 2.726.128 | 2.746.605 | 100,75 |
| | 774 | Финансиски приходи | 793.549 | 797.678 | 100,52 |
| | 776 | Приходи од вложувања во инвест. фондови | | | |
| | 777 | Приходи од вредносно усогласување | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **185.346.801** | **194.173.726** | **104,76** |
| | | | | | |
| | | **III. Деловен резултат ( II-I )** | **-242.928.370** | **-236.175.920** | |
| | | | | | |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортиз. ( II-Ia )** | **20.700.542** | **27.457.422** | |

## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА - ХИДРОЦЕНТРАЛИ

Во 2021 година од петте хидроцентрали планирано е да се произведат 5.800.000 kWh електрична енергија. Трите хидроцентрали ХЕЦ „Стрежево“, „ХЕЦ Биолошки минимум“ и ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ се централи на прибранска акумулација, а останатите две ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ се деривациони.

Финансиската пресметка за планираното производство на електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“ е направена по цена од 3,10 денари за kWh произведена електрична енергија, додека за ХЕЦ „Експлоатационен минимум“, ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ финансиската пресметка е направена по повластена тарифа. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на НБМ (Народна Банка на РМ) од последниот работен ден во месецот, или за I-та тарифа планирано е да изнесува 7,4034 денари за kWh произведена електрична енергија, додека за II-та тарифа планирано е да изнесува 4,9356 денари за kWh произведена електрична енергија.

Основни карактеристики на хидроцентралите се следните:

**1.** ХЕЦ „Стрежево“ како што е наведено претходно е прибранска хидроцентрала со инсталирана снага од 2.400 kW, со три синхрони самовозбудни генератори и три Францисови турбини. Инсталираниот проток на вода по турбина изнесува 2,7 м$^3$/сек. и нето пад од 30 метри. Предавањето на електрична енергија во мрежата е преку два енергетски трансформатори на 35 KV-но напонско ниво. ХЕЦ „Стрежево“ работи главно во периодот кога се врши наводнување на земјоделските култури. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 5.500.000 kWh електрична енергија годишно. Во планот за производство се планираат да се производат 2.400.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи преку електричната мрежа планирано е да се продадат 2.392.000 kWh електрична енергија во вредност од (2.392.000 x 3,10) 7.415.200 денари и за сопствени потреби планирано е да се потрошат 8.000 kWh во вредност од (8.000 x 3,10) 24.800 денари.

**2.** ХЕЦ „Биолошки минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана снага од 132 kW, со асинхрон генератор и Францисова турбина. Инсталираниот проток на вода изнесува 0,290 м$^3$/сек и нето пад од 30 - 62 метри. Работи континуирано преку целата година и ја користи водата што се испушта од акумулацијата „Стрежево“ како биолошки минимум во реката Шемница. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 800.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат 700.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се продадат 507.147 kWh во вредност од (507.147 x 3,10) 1.572.156 денари и за сопствени потреби да се потрошат 192.853 kWh во вредност од (192.853 x 3,10) 597.844 денари.

**3.** ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана максимална снага од 340 kW, со синхрон генератор и Францисова турбина. Инсталираниот максимален проток на вода изнесува 1,2 м$^3$/сек и висински пад од 18 - 42 метри. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.500.000 - 2.000.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат 1.200.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се произведат 947.400 kWh по повластена тарифа од

7,4034 денари за kWh во вредност од (947.400 x 7,4034) 7.013.981 денари, и 247.580 kWh по повластена тарифа од 4,9356 денари за kWh во вредност од (247.580 x 4,9356) 1.221.956 денари. За сопствени потреби планирано е да се потрошат 5.020 kWh од кои 2.600 по повластена тарифа од 7,4034 во вредност од (2.600 x 7,4034) 19.249 и 2.420 по повластена тарифа од 4,9356 во вредност од (2.420 x 4,9356) 11.944 денари.

**4.** ХЕЦ „Филтерница“ е со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 380 kW, нето пад од 150 метри и проток од 0,340 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, кои преку водозафатниот објект и цевководот се донесуваат до ХЕЦ „Филтерница“. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.490.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат 1.100.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се продадат 799.000 по повластена тарифа од 7,4034 денари за kWh во вредност од (799.000 x 7,4034) 5.915.317 денари и 294.000 по повластена тарифа од 4,9356 денари за kWh во вредност од (294.000 x 4,9356) 1.451.066 денари. За сопствени потреби планирано е да се потрошат 7.000 kWh од кои 1.000 по повластена тарифа од 7,4034 во вредност од (1.000 x 7,4034) 7.403 денари и 6.000 по повластена тарифа од 4,9356 во вредност од (6.000 x 4,9356) 29.614 денари.

**5.** ХЕЦ „Довлеџик“ е исто со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 460 kW, нето пад од 109 метри и проток од 0,500 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, односно вишокот на вода од ХЕЦ „Филтерница“ кој не го користи „Водовод“ и вишоците од р. Сапунчица и р. Црвена. Водите се донесуваат преку цевководот на Водовод кој има двојна намена. Во летниот период кога има недостиг на вода , Водовод преку пумпната станица во Довлеџик однесува вода до нивната филтерница зафаќајќи вода од зафатот на Стрежево, додека во периодот на вишоци на вода, преку истиот цевковод водите се донесуваат до ХЕЦ „Довлеџик“, со што истата се става во погон. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.430.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат 400.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се продадат 347.200 kWh по повластена тарифа од 7,4034 денари во вредност од (347.200 x 7,4034) 2.570.460 денари и 45.280 kWh по повластена тарифа од 4,9356 денари во вредност од (45.280 x 4,9356) 223.484 денари. За сопствени потреби планирано е да се потрошат 7.520 kWh од кои 2.800 по повластена тарифа од 7,4034 во вредност од (2.800 x 7,4034) 20.730 денари и 4.720 kWh по повластена тарифа од 4,9356 денари во вредност од (4.720 x 4,9356) 23.296 денари.

Вкупното планирано производство за 2021 година изнесува 5.800.000 kWh, при што се очекуваат вкупни приходи во износ од 28.118.500 денари.

Планирани се вкупни расходи во износ од 8.241.175 денари, или без амортизација 4.896.381 денари.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА
## ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Ј.П. „Стрежево“ - Битола, има изградено пет мали хидроцентрали за производство на електрична енергија, се со цел за максимално искористување хидроенергетскиот потенцијал на водите. Хидроцентралите ги имаат следните карактеристики:

| Објект | Локација | Инсталирана снага | | Проектирано производство | |
|---|---|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | Брана „Стрежево“ | 2.400 | kW | 5.500.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | Брана „Стрежево“ | 132 | kW | 800.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | Брана „Стрежево“ | 340 | kW | 2.000.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | Собирен канал | 380 | kW | 1.490.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | Систем „Драгор“ | 460 | kW | 1.430.000 | kWh |
| Вкупно | | 3.712 | kW | 11.220.000 | kWh |

**Табела 1**

Од петте хидроцентрали во 2021 година се планира да се произведат вкупно 7.000.000 kWh електрична енергија, во Табела 2 е подетално дадено планираното производство по хидроцентрали:

| Објект | Напон на пренос | Вкупно производство | |
|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | 35 kV | 2.400.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | 35 kV | 700.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | 35 kV | 1.200.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | 10 kV | 1.100.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | низок напон | 400.000 | kWh |
| Вкупно | | 5.800.000 | kWh |

**Табела 2**

Фактурирањето во 2020 година за произведената електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“ е согласно добиената тендерска цена (3,05 денари за произведен kWh електрична енергија до 31.03.2020, и 3,10 денари од 01.04.2020, додека за 2021 година е планирана цена од 3,10 денари за произведен kWh електрична енергија).

За произведената електрична енергија од ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ се користи повластена тарифа, а од 22.11.2019 година согласно Одлука од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги за користење на повластена тарифа за електрична енергија (Сл. весник на РСМ бр. 241 од 21.11.2019), фактурирањето за произведена електрична енергија и од ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ се врши по повластена тарифа кон МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазарот на електрична енергија. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на НБМ (Народна Банка на РМ) од последниот работен ден во месецот.

## ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО 2020 И ПЛАНИРАНО ВО 2021 ГОДИНА

| Ред. Бр. | | ПОЗИЦИЈА | Остварено во 2020 | Планирано во 2021 | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | kWh | kWh | |
| | | **Производство на електрична енергија во kWh** | | | |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 1.095.375 | 2.400.000 | 219,10 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 718.203 | 700.000 | 97,47 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 1.022.865 | 1.200.000 | 117,32 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 1.043.078 | 1.100.000 | 105,46 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 335.694 | 400.000 | 119,16 |
| | | **Вкупно** | **4.215.215** | **5.800.000** | **137,60** |

## РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2020 И ПЛАНИРАНИ ВО 2021 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Конто | ПОЗИЦИЈА | Остварено во 2020 | Планирано во 2021 | Инекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Износ | Износ | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 123.234 | 124.957 | 101,40 |
| 2 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 343.891 | 351.190 | 102,12 |
| 3 | 404 | Резервни делови и материјали за одржување производство | 18.126 | 18.688 | 103,10 |
| 4 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми производство | 3.390 | 3.474 | 102,50 |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 6 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 16.127 | 16.433 | 101,90 |
| 7 | 412 | Надв. услуги за изработка на добра и извршени услуги | | | |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 413.826 | 428.075 | 103,44 |
| 9 | 415 | Комунални услуги | | | |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, промоции, саеми | | | |
| 11 | 419 | Останати услуги | 257.349 | 320.699 | 124,62 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 2.080.702 | 2.081.950 | 100,06 |
| 13 | 422 | Останати трошоци за вработените | 69.000 | 75.000 | 108,70 |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 3.337.560 | 3.344.793 | |
| 15 | 440 | Дневници за службени патувања, ноќевања, и патни трошоци | 2.520 | 2.573 | 102,10 |
| 16 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 4.956 | 8.556 | 172,64 |
| 17 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 31.302 | 31.771 | 101,50 |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 1.098.938 | 1.114.326 | 101,40 |
| 20 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини, и др. | 223.704 | 227.060 | 101,50 |
| 21 | 448 | Трошоци за користење на права | 10.495 | 9.598 | 91,46 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 80.421 | 82.030 | 102,00 |
| 23 | 452 | Вредносно усогласување на вложувања во недвижности | | | |
| 24 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | | | |
| 25 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 26 | 474 | Камати од работењето со неповрзани друштва | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **8.115.541** | **8.241.175** | **101,55** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **4.777.981** | **4.896.381** | **102,48** |
| **1.** | **740** | **Приходи од продажба на електрична енергија** | **20.139.825** | **27.383.620** | **135,97** |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 3.370.863 | 7.415.200 | 219,98 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 1.624.073 | 1.572.156 | 96,80 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 6.694.289 | 8.235.937 | 123,03 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 6.259.561 | 7.366.383 | 117,68 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 2.191.040 | 2.793.944 | 127,52 |
| **2.** | **745** | **Приходи од произв. на ел. ен. за сопст. потреби** | **726.166** | **734.880** | **101,20** |
| **3.** | **769** | **Останати приходи од работење - надомест на штета** | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **20.865.991** | **28.118.500** | **134,76** |
| | | **III. Деловен резултат (II-I)** | **12.750.450** | **19.877.325** | **155,90** |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортизација (II-Ia)** | **16.088.010** | **23.222.119** | **144,34** |

## ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ – АКВАКУЛТУРА И ПРОДАЖБА

Производството на риби - аквакултурата и продажбата на риба како една од дејностите која ги обавува ЈП „Стрежево“ го опфаќа целокупното работење што се одвива во објектите на Рибник и во Рибарницата.

Рибникот се наоѓа на просторот под Браната „Стрежево“ и ги користи водите што се испуштаат од акумулацијата во реката Шемница, за обезбедување на неопходниот биолошки минимум. Производството на риба се одвива во 22 базени, поставени во 3 батерии со капацитет до 60 тони риба годишно.

Со планот за 2021 година се предвидува да се произведат и да се продадат на пазарот околу 59,5 тони конзумна риба. Од вкупната количина на произведена виножитна пастрмка, во планот е предвидено да се продадат преку други рибарници и останати купувачи околу 37,9 тони риба и преку рибарницата на ЈП „Стрежево“ да се продадат 21,6 тони риба. Покрај виножитна пастрмка, преку рибарницата е планирано да се продадат и риба крап, замрзната риба, конзерви од риба и друга стока.

Циклусот на товењето на рибата и постигнувањето на оптимална конзумна тежина (0,200 - 0,250 кг, па и повеќе) е исклучително важно да се прилагоди на побарувачката на пазарот. Тоа би довело до поголема продажба од причина што во периодот на зголемена побарувачка, Рибникот би можел да ги задоволи со поголем процент потребите од риба во Битола и пошироко. Од друга страна залихите би се движеле во оптимални рамки, и со зголемената продажба на риба, Рибникот би се ослободил од поголеми залихи. Оптималните залихи би значеле и поголем простор за непречен и здрав развој на останатите количини на риби, како и помала потрошувачка на храна за рибите.

Континуираното снабдување на Рибникот со доволни количини на храна за риби и со асортиман според потребите за секоја фаза од развој на рибата исто така е значајно. Тоа би овозможило интензивен и постојан развој и раст на рибата за периодот кога е најбарана на пазарот. Тоа на посреден начин би довело и до заштеда на храната за риби.

Коефициентот на конверзија на рибата (храна/риба) се проектира да изнесува 1,25. Тоа би значело дека за секој дел на прираст на рибите би биле потребни 1,25 дела храна за риби. Овај коефициент би се постигнал и со посебно залагање на вработените на начин што рибата би се хранела во количини и на временски интервали зависно од сите претпоставки и услови што ги утврдила науката во таа област (температура на водата, густина на рибите во базените и нивно сортирање, фазата на развој, а соодветно на тоа и видот на храната).

Постигнување на позитивни резултати претпоставува и користење на сите превентивни и заштитни мерки како би се овозможил нормален и здрав развој на рибите и намалување процентот на смртноста до минимум.

Добрата организација на работата и секојдневно пратење на состојбите во поглед на нормалниот и здрав развој на рибата, како и дали се остварува конверзија од 1,25 како што се предвидува во планот се исто така претпоставки од значење за остварување на планираното. Секое отстапување треба благовремено да се

констатира, да се утврдат причините за тие состојби и да се превземат соодветни мерки за отстранување на евентуално негативните движења.

За остварување на предвидените производни резултати на Рибникот, т.е. планираното производство на риба од 59,5 тони и имајќи ја во предвид планираната конверзија на храна/риба од 1,25, потребно е да се набават околу 75 тони храна за риби, по количини и димензии според потребите за одредена фаза на развој на рибите.

